# Е - МАПАС
# бр. 13

# април 2015 година

## ДОСТАВА НА ЗЕЛЕН ПЛИК

Заради постојан увид на пензиските заштеди и транспарентност на системот пензиските друштва до членовите и пензионираните членови на пензиските фондови со кои управуваат, еднаш годишно доставуваат извештај (зелен плик) за пензиска заштеда на индивидуална сметка, на доброволна индивидуална сметка и на професионална сметка и извештај за инвестициско портфолио.

Известувањата до членовите на пензиските фондови се доставуваат во зелен плик.
За едноставен и брз начин на информирање членовите имаат можност извештаите за пензиска заштеда да ги добиваат преку електронска пошта (e-mail).

Што има во зелениот плик?
Има два вида извештаи:

- Првиот извештај претставува информација за состојбата на средствата на индивидуалната сметка за пензиска заштеда.
- Вториот извештај содржи информации каде се инвестирани средствата на сите членови заедно со детални податоци за наплатените надоместоците и остварениот принос на пензискиот фонд.

Следете не и на:

[http://www.facebook.com/MAPAS.MK](http://www.facebook.com/MAPAS.MK)

*Животот започнува во пензонерски денови- непознат*

*Јас се пензионирав - збогум тензија, здраво пензија! - непознат*



Пензиските друштва до членовите и пензионираните членови на пензиските фондови со кои управуваат, годишните известувања за 2014 година ги доставија до ***31.03.2015*** година.

## Ажурирање на лични податоци

Со цел точно и навремено доставување на редовните известувања-”зелениот плик” до своите членови, од особено значење е членовите на вториот и третиот столб да вршат ажурирање на своите лични податоци. Сите членови кои имаат промена во своите лични податоци потребно е да ги ажурираат, за да ги добиваат редовно годишните известувања од пензиските друштва и потребно е да се обратат во пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој членуваат. Со последните промени на подзаконската регулатива за поедноставен и побрз начин при промена на личните податоци се овозможи on-line ажурирање/корекција на Вашите лични податоци.

### Контакт податоци на двете пензиски друштва

| НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје | КБ Прво пензиско друштво АД Скопје |
|---|---|
| ул.Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје<br>тел: 02/5100-285<br>www.npf.com.mk | бул. Илинден бр.1, 1000 Скопје<br>тел: 02/3243-777<br>www.kbprvo.com.mk |

### Што е пензиска заштеда?

Пензиска заштеда е збир на средства кои се акумулураат на лична сметка и претставуваат еден од изворите кои ќе се користат за исплата на пензија.



### Предност од увид од извештајот за пензиска заштеда:

- Информација за редовна уплата на придонес за пензиско и инвалидско осигурување
- Електронски пристап и увид во секое време за состојбата на пензиските заштеди
- Информација за тоа каде се инвестирани средствата на пензискиот фонд, надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва како и остварениот принос на пензискиот фонд.

***Средствата од вашата пензиска заштеда се наменети за пензија!!!!***

### Што е придонес?

Придонес за II столб е дел од бруто платата кој се издвојува за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и е дел од вкупниот придонес за пензиско осигурување. За осигурениците кои се вклучени во системот со два столба, Фондот на ПИОМ врши распределба на уплатениот придонес меѓу I и II столб, при што 12% од бруто плата се издвојуваат за I столб, а 6% од бруто плата за II столб.




Членовите кои имаат дополнителни прашања може да се обратат до МАПАС - Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на телефонскиот контакт 02/3224-229 или да ја посетат веб страницата www.mapas.mk

# ПОЈАСНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА

| Заклучно со 31.12.2014 год. на Вашата сметка во *назив на пензискиот фонд* имате: | 57.000 | денари |
|---|---|---|
| | *377,929343* | сметководствени единици |

Претставува колку вкупно заштедени средства има членот на својата сметка на крајот на годината.
*На пр. на 31.12.2014 година поседувате 57.000 денари.*

Претставува број на сметководствени единици кои ги поседува секој член на својата сметка. Сметководствена единица претставува пропорционален дел во вкупните нето средства на пензискиот фонд. Бројот на сметководствени единици на сметката помножен со вредноста на сметководствената единицата на тој ден ја дава вредноста на средствата во денари која ја поседува членот на својата сметка.
*На пр. на 31.12.2014 година членот поседува 377,929343 единици. Ако се знае дека вредноста на сметководствената единица на 31.12.2014 година е 150,821843 денари, тогаш вредноста на средствата кои го поседува членот изнесува 57.000 денари.*

**Трансакции во 2014 година**

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 05.01.2014 | П201312 | 2.000 |
| 04.02.2014 | П201401 | 2.000 |
| 05.03.2014 | П201402 | 2.000 |
| 06.04.2014 | П201403 | 2.000 |
| 04.05.2014 | П201404 | 2.000 |
| 03.06.2014 | П201405 | 2.000 |
| 07.07.2014 | П201406 | 2.000 |
| 02.08.2014 | П201407 | 2.000 |
| 04.09.2014 | П201408 | 2.000 |
| **05.10.2014** | **П201409** | **2.000** |
| 03.11.2014 | П201410 | 2.000 |
| 07.12.2014 | П201411 | 2.000 |

Претставува датум кога е извршена уплата или исплата на средства од сметката на членот.

Претставува опис на трансакцијата - уплатен придонес,корекција итн.
*На пр. П201401 означува уплатен придонес за месец јануари 2014 година.*
Доколку во ова поле има *Корекција*, детално ќе биде наведен описот на корекцијата. Доколку во ова поле има *Поврат - п*, тоа означува поврат на придонеси (на пример поради погрешно уплатени средства).

Претставува износ на уплатен придонес.

*На пример на 05.10.2014 година извршена е уплата на придонес за септември 2014 година во висина од 2.000 денари.*

Друштвата ќе обезбедат и графички приказ со почетна состојба на средствата на сметката на 31.12.2013 година и крајна состојба на 31.12.2014 година. Почетната состојба означува средства заштедени во претходната година, а крајната состојба претставува колку заштедени средства има на крајот на годината. Од графичкиот приказ може да се види порастот на средствата за пензиска заштеда во текот на годината.

Информациите за наплатените надоместоци и одредени поими за капитално финансирано пензиско осигурување (придонес, принос, сметководствена единица и други поими) се вклучени на втората страна од Извештајот за пензиска заштеда.

## ПОЈАСНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ПОРТФОЛИО

Овој извештај содржи податоци за вредноста и учеството на средствата на пензискиот фонд кои се инвестирани во различни финансиски инструменти заклучно со 31.12.2014 година.

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од вкупните средства |
|---|---|---|---|
| ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| Р.Македонија | Обврзница за денационализација; РМДЕН06; 10 год.; 2,00%; 01/06/17 | 100.000.000 | 10,00% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ДЕПОЗИТИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | 7,35%, 23/07/2008-23/07/2013 | 400.000.000 | 2,50% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АКЦИИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ | обични акции | 200.000.000 | 1,50% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧИ СО СЕДИШТЕ ВО ЕУ И ОЕЦД | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АКЦИИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| COCA COLA | обични акции | 50.000.000 | 1,70% |
| GOOGLE | обични акции | 70.000.000 | 1,80% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| Побарувања | | | |
| Парични средства | | | |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | | 15.000.000.000 | 100,00% |

Ова значи дека членовите поседуваат 10% од вкупните средства во обврзници за денационализација 6-та емисија во висина од 100.000.000 денари

Пензискиот фонд има вложено во депозити од Стопанска банка АД Скопје во висина од 400.000.000 денари т.е 2,50% од портфолиото.

Членовите поседуваат 200.000.000 денари во акции од Алкалоид АД Скопје што претставува 1,50% од вкупните средства на фондот

Членовите на пензискиот фонд поседуваат акции од Coca Cola во висина од 50.000.000 денари како и акции од Google во висина од 70.000.000 денари.

Вкупниот имот на пензискиот фонд во дадениот пример изнесува 15.000.000.000 денари на крајот на годината за која се доставува овој извештај (31.12.2014). Секој член на пензискиот фонд поседува пропорционален дел од овој износ зависно од висината на средствата со кои располага на сметката која е доставена до него, како што е објаснето во нашиот пример, членот располага со 57.000 денари. Секој член учествува во вложувањата во овие инструменти пропорционално на своите средства.

Пензиското друштво доставува и графички прикази (пити) за структурата на портфолиото по група на инструменти и по држава, графички приказ на сметководствената единица. податоци за трансакциони провизии кои ги платиле за управувањето со средствата на пензискиот фонд, надоместоците кои ги наплатува пензиското друштво, како и остварениот принос на пензискиот фонд.

## НОВОСТИ

### *МАПАС ВО СОРАБОТКА СО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ОРГАНИЗИРАШЕ СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА: „КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ“*

МАПАС во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители “Павел Шатев”, организираше советување на тема: „Капитално финансирано пензиско осигурување“ кое се одржа на 26 јануари 2015 година во просториите на Академијата со почеток во 10:00 часот.

На советувањето присуствуваа судии и советници на Вишиот управен суд и на Управниот суд и претставници на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС).

Темите кои беа опфатени во рамките на Советувањето од страна на излагачите од МАПАС беа следните:

-Капитално финансирано пензиско осигурување и улогата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС);

- Заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на задолжителните и доброволните пензиски фондови и

-Постапки произлезени од контрола на работите на маркетинг на пензиските друштва.

### *ПОТПИШАН КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА НЕЗАВИСНИ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА*

На ден 11.02.2015 година во просториите на Агенцијата за супервизија на осигурување од страна на претседателот на Синдикатот на работниците од финансиските организации на Македонија и претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија беше потпишан Колективниот договор на независни регулаторни тела.

На свечениот настан присуствуваа раководните лица на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисијата за хартии од вредност, претставници од Агенцијата за пошти и на Синдикалните организации.

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА



### *КАКО ДА ГИ АЖУРИРАМ МОИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ?*

За ажурирање или корегирање на своите податоци, членовите на пензиските фондови потребно е да се обратат во пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој членуваат и да пополнат – Барање за ажурирање или корекција на лични податоци. Со последните промени на подзаконската регулатива за поедноставен и побрз начин при промена на личните податоци се овозможи on-line ажурирање/корекција на Вашите лични податоци.

### *КАКО ИМАМ КОМПЛЕТЕН УВИД ВО СОСТОЈБАТА НА МОИТЕ СРЕДСТВА ?*

Преку достава на редовни годишни извештаи за состојбата на индивидуалната сметка или извештаи на ваше барање имате комплетен увид на средствата на вашата лична сметка. Заради брз, едноставен и современ увид на состојбата на вашата сметка, пензиските друштва на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови со кои управуваат им овозможуваат и on-line проверка на состојбата на сметката на својата интернет страна.




**Имате прашања или поплаки?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Македонија

Тел: (02) 3224 229;3166 452

www.mapas.mk